## КЛУЧНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ИНВЕСТИТОРИ

Овој документ содржи клучни информации за инвеститорите во ВЕГА ТЕХНОЛОГИЈА – отворен инвестициски фонд (Фондот). Ова не претставува рекламен материјал. Информациите содржани во овој документ се пропишани со Закон и подзаконски акти со цел да им помогнат на инвеститорите при разбирање на природата на овој Фонд и ризиците поврзани со инвестирањето во него. Наш совет е внимателно да го причитате за да можете да донесете информирана одлука за потенцијалното инвестиање.

Фондот е управуван од страна на Друштвото за управување со инвестициски фондови ВЕГА ФОНДОВИ АД Скопје, бул. Климент Охридски бр. 45 кат 1 лок. 10, Скопје.

Фондот е одобрен во РСМ и го регулира Комисијата за хартии од вредност на РСМ. Идентификациски број: 9140000000220

Искажаните клучни информации се за инвеститорите се точни на ден 31.12.2025 година.

## Цели и инвестициска политика

Инвестициската цел на Фондот е остварување на адекватен принос за сопственицните на удели во фондот, односно раст на вредноста на уделот на долг временски период со едновремено минимизирање на ризиците од вложувањето и почитување на принципите на ликвидност и диверзификација. Инвестициската цел ќе се оствари преку професионално управување со средствата на фондот, при што ќе се применува активно управување, базирано на највисоки етички и професионални стандарди, односно креирање на портфолио на хартии од вредност на најразвиените и најрегулирани пазари во светот. Портфолиото на фондот доминантно ќе биде вложено во акции, до максимим 100%. Во одредени моменти кога на пазарите е присутна нестабилност и кога се очекува надолен тренд на цените, Друштвото може да ја намали изложеноста во акции, односно дел од портфолиото да го пласира во удели или акции издадени од други инвестициски фондови, како и во парични средства или депозити, до максимим 15%, со цел амортизирање на негативните ефекти. Политиката на Фондот е насочена кон вложување во реномирани компании од секторот информатичка технологија како и технолошки компании кои се високо иновативни и се наоѓаат во фаза на развој. Доминантно портфолиото ќе биде составено од т.н. "технолошки гиганти" кои се дел од светските берзантски индекси, истото ќе биде надополнето со технолошки компании од кои се очекува да станат битен фактор во овој сектор. Инвестициските одлуки ќе се темелат на дискреционо селектирање на издавачи на финансиски инструменти, кои се занимаваат со развој и продажба на производи, процеси или услуги, за кои постои голема веројатност дека на долг рок ќе создадат или профитираат од иновации и технолошки развој. Притоа, Инвестирањето на фондот ќе биде фокусирано на индустрии кои спаѓаат во технолошкиот сектор, односно производство на компјутерски хардвер, компјутерски софтвер, комуникациска опрема, електронски компоненти, електронски уреди, мрежна инфраструктура, дистрибуција на електронска и копјутерска опрема, опрема за компјутерски истражувања и други индустрии кои се класифицирани во сектор технологија. Од 85% до 100% од имотото на фондот може да биде вложен во Акции; до 15% од имотот може да биде вложен во удели или акции на инвестициски фондови кои се во приближно слична ризична категорија и имаат иста или слична стратегија на вложување и нивниот надоместок за управување не изнесува повеќе од 3% од имотот на фондот; До 15% од имотот може да биде вложен во Депозити и Парични средства во банки во Северна Македонија. Друштвото ќе ги инвестира средствата на Фондот во согласност со членот 66 и член 67 од Законот и согласно Правилникот за дозволени вложувања, ограничувања на вложувањата и пречекорување на ограничувањата за вложување на имотот на Фондот, донесен од Комисијата.

Купувањето на удели се врши исклучиво со уплата на парични средства, со што купувачот на удели заснова договорен однос со Друштвото. Откупот на уделите се врши според цената што одговара на вредноста на уделот утврдена првиот нареден ден на процена по поднесувањето на Барање за откуп. Барање за откуп примено по 14 часот се смета дека се примени наредниот ден. Исплатата на уделите на врши во рок од 7 дена по примен на Барањето за откуп на трансакциската сметка наведена во барањето. Нето вредноста на имотот на Фондот на денот на вреднување се пресметува врз основа на пазарните вредности на хартиите од вредност и депозитите во финансиските институции и други имотни вредности на Фондот, со одземање на обврските на Фондот на истиот ден, согласно Правилникот за утврдување на нето вредноста на имотот на отворен и затворен инвестициски фонд и за пресметување на нето вредноста на имотот по удел или по акции во инвестицискиот фонд. Утврдената цена на уделите во Фондот се објавува секогаш кога е извршено купување или продажба на удели во Фондот. Нето вредноста на имотот на Фондот и нето вредноста на имотот по удел се пресметува секој работен ден до 16:00 часот за секој ден од годината и истата се објавува на интернет страната на Друштвото.

Овој фонд не овозможува дискреционен избор во врска со специфичните вложувања кои треба да се реализираат.

Во процесот на управување Друштвото може да користи различни стратегии на управување, водејќи се од принципите на минимизирање на ризикот и диверзификација на портфолиото на фондот: Dividend Growth Investing (инвестирање во компании со континуиран раст на дивиденда), Value Investing (стратегија за инвестирање во здрави и профитабилни компании); Event Driven Strategy (стратегија темелена на специфични глобални случувања); Active stock picking (активно тргување) и Buy and Hold (долгорочно поседување).

Приходите кои ги остварува фондот, меѓу кои и приходите од дивиденда, ќе се користат за намирување на обврските на фондот, а остатокот од ќе се реинвестира со цел да се зголеми цената на уделите во Фондот.

Препорака: овој фонд не е подобен за инвеститори кои планираат да ги повлечат своите средства во период пократок од 5 години.

## Профил на ризичност и успешност

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | **6** | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|

**Понизок ризик** ← → **Повисок ризик**

**Понизок принос** **Повисок принос**

Скала на ризик дефинирана од Комисија за хартии од вредност.
*Ризичната класа на Фондот:* ***6***

Синтетичкиот индикатор за ризик се мери преку пресметка на страндардна девијација, односно волатилност на фондот и од така добиениот резултат се одредува ризичната класа на Фондот. Стандардната девијација се пресметува врз основа на историски податоци за приносите на Фондот. Историските податоци од приносот врз основа на кои се пресметува

стандардната девијација, врз основа на кои се одредува ризичната класа, не се гаранција за идните движења на приносот и волатилноста на фондот. Тие може да се користат само како индикација. Фондот со текот на времето може да преминува од една во друга ризична класа. Инвестицискиот ризик претставува веројатност приносот од вложувањето во определен момент да биде помал од очекуваниот или негативен дури и ако фондот е рангиран во најниската ризична класа, односно најниската класа на ризик не значи дека инвестирањето е без ризик. Универзалното инвестициско правило вели дека приносот и ризикот се обратно пропорционални, односно колку е повисок очекуваниот принос на вложените средства толку е повисок и ризикот кој се презема и обратно.

Освен синтетичиот ризик, фондот може да биде изложен и на други видови ризици како што се:

**Кредитен ризик –** веројатност дека издавачот на одредена хартија од вредност нема да биде во состојба, во целост или делумно, да ги подмири своите обврски во моментот кога тие ќе доспеат. Неисполнувањето на обврските од страна на издавачите на хартии од вредност би имало влијание на ликвидноста и би ја намалило вредноста на Фондот. Степен на влијание низок.

**Ликвидносен ризик -** веројатност дека Фондот во одреден момент ќе има потешкотии при изнаоѓање на средства за да ги подмири обврските поврзани со повлекување на удели од Фондот. Како резултат на неможноста брзо да се продадат финансиските средства по цена приближно еднаква на нивната реална вредност, пред сé поради моменталната неповолна побарувачка на пазарот. Степен на влијание низок.

**Ризик од друга договорна страна –** подразбира дека другата договорна страна нема да ги намири своите парични обврски кон Фондот врз основа на финансиски инструменти, пред или на датумот на порамнување. Со оглед на високата регулација и начинот на порамнување на трансакциите со финансиски инструменти, според принцип Испорака наспроти плаќање и Примање наспроти плаќање. Степен на влијание на овој ризик е низок.

**Оперативен ризик и Ризик поврзан со чување на имотот на фондот –** се подразбира ризик од загуба, поради несоодветни или слаби внатрешни процеси, несоодветен кадар и несоодветни или слаби системи и надворешни настани. Оперативниот ризик го вклучува и правниот ризик, како и ризикот од перење пари и финансирање на тероризмот, ризикот од несоодветност на информативните системи и други оперативни ризици. Степен на влијание среден.

Дополнителни ризици на кои може да биде изложен Фондот се: Пазарен ризик, степен на влијание Висок; Каматен ризик, степен на влијание Низок; Валутен ризик, степен на влијание Среден; Ризик од промена на даночните прописи, степен на влијание Низок; Политички ризик степен на влијание Низок; Ризик од промена на регулативата, степен на влијание Низок. Детален опис на овие ризици е даден во точка 4.1 ВИДОВИ НА ИНВЕСТИЦИСКИ РИЗИЦИ од Проспектот на Фондот. Фондот нема да вложува во временски и опциски договори, како и други договори за финансиски деривативни инструменти.

## Трошоци

| | |
|---|---|
| *Еднократни трошоци кои настануваат пред или после вложувањето (трошоци на товар на инвеститорот): | |
| **Влезни трошоци** | **5,0%** |
| **Излезни трошоци** | **0,0%** |
| Ова е максимален процент кој би можел да се одбие од превземената обврска на инвеститорот кон Фондот. | |
| **Трошоци на фондот во текот на годината | |
| **Тековни трошоци** | **3,58%** |
| Трошоци од фондот во одредени посебни околности | |
| **Провизии од работењето** | **нема** |

Детален опис на трошоците кои се наплаќаат на товар на инвеститорите и на имотот на фондот, како и илустративни примери за истите се наоѓаат во Проспектот на Фондот.

*Инвеститорите може да ја дознаат реалната висина на влезните и излезните надоместоци кај инвестицискиот советник на фондот или овластените инвестициски агенти на Друштвото. Трошоците кои се наплаќаат од инвеститорот се користат за намирување на трошоците за секојдневно работење на Фондот, вклучувајќи ги и трошоците за маркетинг и дистрибуција. Овие трошоци може да го намалат потенцијалниот раст на вложувањето.

**Износот на тековните трошоци на фондот се однесуваат на минатогодишните расходи за годината која завршува на 31.12.2025. Овој износ може да се разликува од година во година.

## Историски принос на Фондот

Приносот во минатото има информативен карактер и не претставува индикација за можниот принос во иднина.

Приносот е пресметан од минатите податоци на вредноста на уделот во денари, со веќе одземени трошоци и надоместоци согласно Проспектот и Статутот.

Методологијата за пресметка на историскиот принос е пропишана од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

Фондот е основан на ден 22.03.2022 година.



КЛУЧНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ИНВЕСТИТОРИ

| **фонд** | **Просечен остварен принос во %** | | | **Стандардна девијација** | **Ризична класа** |
|---|---|---|---|---|---|
| Вега Технологија | 12 месеци | 24 месеци | Од основање | 21,98% | 6 |
| | 1,56% | 2,18% | 1,71% | | |

## Практични информации

Депозитарна банка на Фондот е НЛБ Банка АД Скопје, со адреса ул. Водњанска бр. 1, 1000 Скопје.
Статутот, Проспектот како и годишните ревидирани извештаи на Фондот достапни се на интернет страницата на Друштвото www.vegafondovi.mk. Секој заинтересиран инвеститор може да изврши увид во истите и детално да се запознае со нивната содржина како и на барање да добие бесплатен примерок од истите.
Цената на уделите се објавува на интернет страната на Друштвото, каде може да се најдат и практични совети за инвестирање во Фондот како и информативни пресметки за очекуваниот принос. Даночните прописи може да наметнат даночни плаќања кои имаат влијание врз оставрениот принос, односно да влијаат на негово намалување.
Вега Фондови АД Скопје, одговара за веродостојноста, потполноста и точноста на податоците содржани во документот со клучни информации и може да се смета за одговорно само доколку некои делови од документот доведуваат во заблуда, се неточни или не се во согласност со Проспектот на отворениот инвестициски фонд.